# Развој и перспективи на меѓународната полициска соработка во Европа


**Апстракт**

Трудот ја теоретизира потребата за воспоставување на полициската соработка и нејзиниот развој преку дефинирање на организацијата, на целите и на формите на соработка. Поделбата на структурата на трудот на три географски целини (Европа, Југоисточна Европа и Република Македонија) овозможува согледување на пречките и на перспективите на меѓународната полициска соработка на макро, на регионално и на национално ниво.

На меѓународната полициска соработка во Европа се гледа како на најсоодветен одговор за справување со транснационалниот криминал кој има форма на меѓувладина соработка која се остварува меѓу националните полиции, преку: ООН, Интерпол, агенциите на ЕУ, регионалните безбедносни иницијативи и преку други инструменти за билатерална и мултилатерална соработка. Полициските служби и организации се ставени во позиција континуирано да изнаоѓаат решенија и средства за справување со формите на транснационалниот криминал, на начин на кој се гарантира безбедноста на граѓаните во Европа. Оттука произлегува главниот предмет на трудот, кој освен на законската рамка на соработката, е фокусиран на оперативната меѓународна полициска соработка, на нејзините пречки и правци на развој.

Теоретските основи на трудот се надополнети со истражување преку кое се согледуваат потребите кои произлегуваат од ставовите на практичарите во полициската професија. Посебна тежина на трудот му даваат препораките од анализите на добиените резултати од истражувањето, спроведените интервјуа за целите на докторската теза и податоците од европскиот полициски проект Композит.



**Клучни зборови:** *соработка, полиција, Европа, полициско работење, меѓународна организација, регионална инцијатива, спроведување на законот, полициски овластувања, договор, форми на соработка.*

# Development and Perspectives of International Police Cooperation in Europe


**Abstract**

The paper theorizes the need for establishing police cooperation and its development by defining its organizational structure, goals and forms of cooperation. The division of the paper in three geographic units (Europe, South Eastern Europe and the Republic of Macedonia) allows consideration of obstacles and perspectives of international police cooperation at macro, regional and national level.

The international police cooperation in Europe is viewed as the most appropriate response for dealing with transnational crime that takes the form of intergovernmental cooperation and it is achieved between national police, through the UN, Interpol, EU agencies, regional security initiatives and other instruments for bilateral and multilateral cooperation. Police agencies and organizations are in the position to continually find solutions and resources for dealing with the forms of transnational crime, in a manner that guarantees the safety of the citizens in Europe. There from derives the main subject of this work, which focuses both on the legal framework of cooperation and the operational international police cooperation, its obstacles and directions of development.

Theoretical foundations of the thesis are supplemented by research through which the needs are perceived arising from the views of practitioners within police profession. The work becomes all the more significant due to the recommendations drawn from the analyses of the results obtained from the survey, the interviews conducted for the purposes of the doctoral thesis and the data from the European police project COMPOSITE.



**Key words:** *cooperation, police, Europe, policing, international organization, regional initiative, law enforcement, police powers, agreements, forms of cooperation.*